Република Северна Македонија Republika e Maqedonisë së Veriut
Општина Арачиново Komuna e Haraçinës
1000 Арачиново, ул.“14“ бр.15 1000 Haraçinë, Rr.„ 14” nr.15
e-mail: opstinaaracinovo@gmail.com

Општина Арачиново
Komuna e Haraçinës
бр/nr. 09-45/1 **од/prej** 28.09.21 **год**

До: Градоначалникот на
општина Арачиново

Предмет: Предлог за одобрување на барањето за одобрување на **Планска програма, за изработка и донесување на Урбанистички план за с.Мојанци , КО Мојанци, Општина Арачиново.**

Согласно Законот за Урбанистичко Планирање (СЛ.Весник на РСМ бр.32/20) член 38 став 5 комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Арачиново , ви доставува предлог за одобрување на **Планска програма, за изработка и донесување на Урбанистички план за с.Мојанци , КО Мојанци, Општина Арачиново. со технички број D0321 од Мај 2021 ,** изработена од **„ АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ГОПЛАН ДОО - ГОСТИВАР.**

Во врска со горенаведеното , ве известуваме дека Комисијата го разгледа барањето за одобрување на планска програма и приложената документација и констатира следното

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Арачиново ,по разгледувањето на прилоќената документација за одобрување на планска програма за изработка на **Урбанистички план за с.Мојанци , КО Мојанци, Општина Арачиново. со технички број D0321 од Мај 2021 ,** изработена од **„ АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ГОПЛАН ДОО - ГОСТИВАР.**, согласно член 44 од законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20) констатира дека барањето за одобрување на планската програма може да се прифати. Комисијата утврди дека постапката за донесување на Пласнката програма, може да продолжи.

Со почит

Комисија за урбанизам:

1. Фидаи Бељуљи Претседател
2. Едона Арифи Садику – надворешен член
3. Анче Димитриевска Толевска- надворешен член

Прилог: Планска Програма

Република Северна Македонија Republika e Maqedonisë së Veriut
Општина Арачиново Komuna e Haraçinës
1000 Арачиново, ул.“14“ бр.15 1000 Haraçinë, Rr.„ 14” nr.15
e-mail: opstinaaracinovo@gmail.com

Општина Арачиново
Komuna e Haraçinës
бр/nr. 09-45/2 **од/prej** 29.09.2021 **год.**

Градоначалникот на Општина Арачиново , решавајќи по барањето на одделението за урбанизам во општина Арачиново преку е-урбанизам, за одобрување на Планска програма, врз основа на член 44 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), го издава следното:

РЕШЕНИЕ

Се одобрува **Планска програма, за изработка и донесување на Планска програма, за изработка и донесување на Урбанистички план за с.Мојанци , КО Мојанци, Општина Арачиново. со технички број D0321 од Мај 2021 ,** изработена од **„ АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ГОПЛАН ДОО - ГОСТИВАР**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ГОПЛАН ДОО - ГОСТИВАР поднесе барање за одобрување на **Планска програма,** за изработка **и донесување на Планска програма, за изработка и донесување на Урбанистички план за с.Мојанци , КО Мојанци, Општина Арачиново. со технички број D0321 од Мај 2021 ,** изработена од **„ АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ГОПЛАН ДОО - ГОСТИВАР**

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Предлог за одобрување на Планска Програма
2. Планска Програма

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Арачиново, со Решение бр. 08-341 од 11.11.2020 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Планската програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог одобрување со бр. 09-68/1 од 27.09.2021 година.

Градоначалникот на општината Арачиново по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20) член 38 став 7, по предлог на комисијата за урбанизам. Врз основа на тоа, а согласно член 44 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:

Против ова Решение, барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

ГРАДОНАЧАЛНИК

НА ОПШТИНА АРАЧИНОВО

Миликије Халими